POINTPULSE
WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

ИЗВЕШТАЈ

# ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Резултати од анкетата за истражување на јавното мислење во Македонија

**септември, 2016.**

Публикацијата е поддржана од Европската унија.

Програма на Европската унија „Инструмент за граѓанско општество" за граѓански организации.

**ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА**
Резултати од анкетата за истражување на
јавното мислење во Македонија

**ИЗДАВАЧ**
Аналитика
Алберт Швајцер 6, Скопје, Македонија
Тел: +389 23 151 948
Е-пошта: info@analyticamk.org
www.analyticamk.org
www.pointpulse.net

**АВТОР**
Магдалена Лембовска

**УРЕДНИК**
Саша Ѓорѓевиќ

**ПРЕВОДОТ**
Ана Стојиловска

**ДИЗАЈН**
ДТП Студио

Скопје, 2016.

# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА ДИЈАГРАМИ ..... 4

ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 7

РЕЗИМЕ ..... 8

ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ..... 9

Полицијата е институција која ужива најголема доверба во Македонија ..... 9

По полицијата најмногу се има доверба во образованието и здравството ..... 14

Негативна перцепција за судството и Државната комисија за спречување на корупцијата ..... 15

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА ..... 17

Граѓаните позитивно ги опишуваат полициските службеници од двата пола ..... 17

Политичките врски се клучни за вработување во полицијата ..... 20

Полицијата делува во интерес на одредени групи ..... 21

Големо влијание на политичарите врз полициската работа ..... 25

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА ..... 27

Судството е најкорумпираната институција ..... 27

БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ..... 35

Македонските граѓани се подготвени да пријават случај на корупција за полицијата ..... 35

Полициската станица е првиот избор за пријавување на случај на корупција за полицијата ..... 37

Најпотребно е поттикнување на граѓаните да пријавуваат корумпирани полициски службеници ..... 39

УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ..... 43

МЕТОДОЛОШКА РАМКА ..... 46

# ЛИСТА НА ДИЈАГРАМИ


Дијаграм 1: Доверба во македонската полиција ....9

Дијаграм 2: Разлики во перцепциите за полицијата според полот ....10

Дијаграм 4: Разлики во перцепциите за полицијата според етничката припадност ....11

Дијаграм 5: Разлики во перцепциите за полицијата според степенот на образование ....12

Дијаграм 6: Разлики во перцепциите за полицијата според занимањето ....12

Дијаграм 7: Разлики во перцепциите за полицијата по региони ....13

Дијаграм 8: Урбано-рурални разлики во перцепциите за полицијата ....13

Дијаграм 9: Рангирање на институции во Македонија според довербата која ја уживаат ....15

Дијаграм 10: Опис на жена-полициски службеник (прв одговор) ....17

Дијаграм 11: Опис на жена-полициски службеник (повеќе одговори)....18

Дијаграм 12: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (прв одговор)....19

Дијаграм 13: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (повеќе одговори) ....20

Дијаграм 14: Избирање на кандидати и вработување во полиција (повеќе одговори) ....21

Дијаграм 15: Во чиј интерес полицијата делува најмногу....22

Дијаграм 16 Во чиј интерес полицијата делува најмалку....22

Дијаграм 17: Разлики според возраста во перцепциите за тоа во чиј интерес полицијата делува најмногу....23

Дијаграм 18: Разлики според занимањето во перцепциите за тоа во чиј интерес полицијата делува најмногу ....24

Дијаграм 19: Разлики според етничката припадност во перцепциите за тоа во чиј интерес полицијата делува најмногу....24

Дијаграм 20: Влијание на политичарите врз работата на полицијата ....25

Дијаграм 21: Разлики според етничката припадност во перцепциите за влијанието на политичарите врз работата на полицијата ....26

Дијаграм 22: Перцепција за корупција во македонските институции (3+4) ....28

Дијаграм 23: Перцепција за корупција во македонските институции (1+2) ........................................29

Дијаграм 24: Разлики според полот во перцепциите за појава на корупција во полицијата ............30

Дијаграм 25: Разлики според етничката припадност во перцепциите за појава на корупција во полицијата ..................................................................................................................................31

Дијаграм 26: Разлики според возраста во перцепциите за појава на корупција во полицијата .........31

Дијаграм 27: Географски разлики во перцепциите за појава на корупција во полицијата.................32

Дијаграм 29: Пријавување на случај на корупција за полицијата во Македонија ...............................35

Дијаграм 31: Разлики според етничката припадност во перцепциите за пријавување на случај на корупција за полицијата ...........................................................................................................36

Дијаграм 32: Разлики според полот во перцепциите за пријавување на случај на корупција за полицијата..................................................................................................................................37

Дијаграм 33: Опции за пријавување на случај на корупција за полицијата (прв одговор).................38

Дијаграм 34: Опции за пријавување на случај на корупција за полицијата (повеќе одговори) .........38

Дијаграм 35: Најважно за спречување на појава на корупција во полицијата....................................39

Дијаграм 36: Разлики според етничката припадност во перцепциите за најважните мерки за спречување на појава на корупција во полицијата ..............................................................................40

Дијаграм 37: Институција која треба да предводи во борбата против појава на корупција во полицијата..................................................................................................................................41

Дијаграм 38: Разлики според етничката припадност во мислењата за тоа која институција треба да предводи во борбата против појава на корупција во полицијата .......................................................42

Дијаграм 39: Улогата на невладините организации во борбата против корупција ............................43

Дијаграм 40: Разлики според возраста во мислењата за улогата на невладините организации во борбата против корупција ..................................................................................................44

Дијаграм 41: Разлики според етничката припадност во мислењата за улогата на невладините организации во борбата против корупција.............................................................................45

Табела 1: Нивото на доверба во македонските институции ...............................................................14

Табела 2: Распространетост на корупција во македонските институции ...........................................27

Табела 3: Перцепција за корупција во одделните полициски сектори ..............................................32

# ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Вториот круг на анкетата за истражување на јавното мислење "Мислењето на граѓаните за полицијата" беше спроведено во шест земји во регионот: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија. Прашалникот врз која основа се спроведе анкетата за истражување на јавното мислење беше развиена од страна на регионалната мрежа ПОИНТПУЛС за да даде одговори за мислењето на граѓаните за полицијата. Прашалникот опфати шест групи на прашања:

1. Нивото на доверба на граѓаните во институциите;
2. Перцепцијата за полицијата како институција, но и за полициските службеници од двата пола како индивидуи;
3. Перцепцијата за корупција во општеството и во полицијата;
4. Мислења на граѓаните во однос на борбата против корупцијата;
5. 5Мислења на граѓаните за работата на граѓанските организации;
6. Демографски прашања.

Истражувањето во Македонија беше спроведено во април 2016 година од страна на ИПСОС Стратешки маркетинг на репрезентативен примерок од 1000 возрасни лица. Како истражувачка алатка беше употребен прашалник и беа направени телефонски интервјуа со техника наречена CATI.

Извештајот беше објавен како дел од проектот наречен "Пулсот за полициски интегритет и доверба на Западен Балкан", кој има за цел да придонесе кон зголемување на довербата во полицијата преку промовирање на нејзината отчетност и зајакнување на нејзиниот интегритет. За оваа цел, следните седум граѓански организации од регионот ја формираа ПОИНТПУЛС мрежата: Аналитика од Скопје, Белградскиот центар за безбедносна политика (БЦБП), Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН) од Белград, Центарот за безбедносни студии (ЦБС) од Сараево, Институтот Алтернатива (ИА) од Подгорица, Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Тирана и Косовскиот центар за безбедносни студии (КЦСС) од Приштина.

Проектот е поддржан од Европската унија преку програмата „Инструмент за граѓанско општество“ како дел од Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Содржината на овој извештај е во целосна одговорност на Аналитика и ставовите во овој документ не значи дека ги одразуваат оние на Европската унија.

# РЕЗИМЕ

Полицијата е институција во Македонија која ужива најголема доверба: скоро 60% од испитаниците тврдат дека имаат воглавно или потполна доверба во таа институција. Сепак, скоро една четвртина од испитаниците воопшто немаат доверба во полицијата. Генерално, жените имаат поголема доверба во полицијата од мажите при што младите на возраст од 18 до 29 години од машки пол се демографската група која има најмала доверба во оваа институција. Исто така, граѓаните од различна етничка припадност имаат различно мислење. Етничките Македонци генерално имаат гледишта кои се повеќе позитивни од оние на етничките Албанци, особено во однос на прашањата за доверба. Освен тоа, нивото на доверба е најголемо кај вработените во јавниот сектор, по кои следат пензионерите и вработените во приватниот сектор. Студентите и невработените граѓани имаат многу помала доверба.

Македонските граѓани имаат позитивна перцепција за полициските службеници главно опишувајќи ги со позитивни зборови/придавки, при што жените-полициски службеници имаат малку подобар углед. Сепак, негативните перцепции преовладуваат во многу аспекти во работата на полицијата. На пример, најпопуларно мислење е дека процесот на вработување во полицијата е преку политички врски или преку роднински или пријателски врски. Освен тоа, се смета дека полицијата е средство за заштита на интересите на одредени групи отколку сервис на граѓаните. Во врска со ова, повеќе од половина од испитаниците сметаат дека политичарите имаат влијание врз работата на полицијата.

Освен полицијата, единствено образованието и здравството добија позитивни оцени за нивото на доверба од повеќе од половина од испитаниците, додека институции во кои се има најмала доверба се судството, Државната комисија за спречување на корупција, обвинителството и Собранието. Покрај тоа, повеќе од половина од испитаниците сметаат дека во сите институции освен во невладините организации има корупција. Се смета дека институции во кои корупцијата е најраспространета се судството, по што следи обвинителството, пазарната инспекција и царината. Споредено со други институции, полицијата се наоѓа некаде во средина. Резултатите за одделните полициски сектори покажуваат дека сообраќајната полиција се смета за најкорумпиран сектор, по што следат најблиските соработници на министерот за внатрешни работи и граничната полиција. За најмалку корумпирани се сметаат полициските службеници кои се задолжени за јавен ред и мир.

Позитивни се охрабрувачките резултати дека 76% од македонските граѓани би пријавиле случај на корупција за полицијата (од нив да се бара мито), дури и ако треба да ги дадат своите лични податоци. Ова е во согласност со општото мислење дека поттикнувањето на граѓаните да ги пријавуваат корумпираните полициски службеници е најпотребната акција за спречување на корупција. Други предложени мерки се: зголемување на платите на полициските службеници, строга казна за сторителите и повеќе казни за корумпираните инспектори во полицијата. Секторот за внатрешна контрола, кој е органот одговорен за справување со корупцијата во полицијата, не е првиот избор на граѓаните за пријавување на случај на корупција. Најголем дел од граѓаните би пријавиле случај на корупција во локалната полициска станица или кај командирот на полициската станица. Слично, мнозинството граѓани сметаат дека полицијата е примарната институција која треба да се бори против корупцијата во своите редови, особено преку контрола во полицијата, контрола од страна на министерот за внатрешни работи или самите полициски службеници. Од друга страна, граѓаните главно се согласија дека примарната улога на невладините организации во борбата против корупцијата треба да биде соработка со државата.

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

## Полицијата е институција која ужива најголема доверба во Македонија

Довербата во полицијата е од посебно значење: поради својот „монопол врз насилството“, полицијата е „огледалото“ на државата и клучно за својата легитимност е да ја има довербата на граѓаните. Имајќи предвид дека полицијата често работи во тајност и е помалку транспарентна од другите институции, довербата на граѓаните е од уште поголема важност. Исто така, работата на полицијата зависи во голема мера од соработката на граѓаните и тешко е да се воспостави таков вид на интеракција доколку постои одредено ниво на целосна недоверба.

Полицијата во Македонија е институција која ужива најголема доверба бидејќи 58,5% од граѓаните тврдат дека имаат воглавно или потполна доверба во таа институција (при што 31% одговориле дека воглавно имаат доверба, и 26,8% имаат потполна доверба). Сепак, не треба да се занемарува фактот дека скоро една четвртина од испитаниците (23%) одговорија дека воопшто немаат доверба во полицијата.

### ДИЈАГРАМ 1: ДОВЕРБА ВО МАКЕДОНСКАТА ПОЛИЦИЈА

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




Генерално, жените повеќе ѝ веруваат на полицијата од мажите бидејќи 59,6% од женските испитаници, а 57,2% од машките испитаници одговорија потврдно на прашањето за доверба во

полицијата. Единствената категорија која има претежно негативна перцепција за полицијата се младите од машки пол: 56,4% од мажите на возраст од 18 до 29 години одговорија дека не ѝ веруваат на полицијата, од кои 32,5% воопшто не ѝ веруваат. Од друга страна, повозрасните жени (над 60 години) најмногу имаат доверба во полицијата со 69% позитивни одговори. Всушност, има тренд кај жените да ѝ веруваат повеќе на полицијата како што стареат; овој тренд не беше забележан кај испитаниците од машки пол.

## ДИЈАГРАМ 2: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА СПОРЕД ПОЛОТ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




## ДИЈАГРАМ 3: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА СПОРЕД ВОЗРАСТА

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.



Во однос на етничката припадност, 63% од етничките Македонци дадоа позитивни одговори (32,7% воглавно имаат доверба и 30,3% имаат потполна доверба) и 36,6% одговорија негативно (19,3% воопшто немаат доверба и 17,3% воглавно немаат доверба). Сепак, довербата кај етничките Албанци беше многу помала: 58,5% одговорија негативно (од кои 37,2% воопшто немаат доверба и 21,3% воглавно немаат доверба), и 41,1% одговорија позитивно (26% воглавно имаат доверба и 15,1% имаат потполна доверба). Нивото на доверба е многу повисоко кај другите етнички заедници: 78,9% позитивни одговори кај Србите, 71,4% кај Бошњаците и 77,8% кај останатите етнички малцинства.

## ДИЈАГРАМ 4: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




Ако се анализира според нивото на образование, лицата без основно образование најмногу ѝ веруваат на полицијата со 60% одговори дека потполно имаат доверба и само 6,7% дека воопшто немаат доверба. Сепак, од оние кои имаат завршено основно, средно или високо образование, нивото на доверба беше најголемо кај оние со средно образование со 61.7% позитивни одговори. Нивото на доверба беше најмало кај оние со завршени магистерски студии чии одговори беа претежно негативни (58,6% немаат доверба и 41,3% имаат доверба).

## ДИЈАГРАМ 5: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




## ДИЈАГРАМ 6: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




Во однос на занимање, вработените во јавниот сектор имаат највисоко ниво на доверба во полицијата: 62,9% имаат воглавно или потполна доверба и 37,1% воглавно или воопшто немаат доверба. По нив следат пензионерите (60,4% позитивни и 38,1% негативни одговори) и вработените во приватниот сектор (59,5% позитивни и 40,5% негативни одговори). Студентите има-

ат сосема поделено мислење (50% позитивни и 50% негативни) и невработените лица имаат најниско ниво на доверба (55,4% позитивни и 44,1% негативни одговори).

## ДИЈАГРАМ 7: РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА ПО РЕГИОНИ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




## ДИЈАГРАМ 8: УРБАНО-РУРАЛНИ РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.



Лицата од руралните средини имаат поголема доверба во полицијата од оние кои живеат во урбаните средини (62,7% позитивни мислења од жители на руралните средини наспроти 55,8% позитивни од урбаните). Во однос на региони, нивото на доверба е највисоко во Источна и Централна Македонија (67,7%), по кои следат Југозападниот регион (60,7%) и Скопје (56,9% позитивни одговори). Жителите на Северозападниот регион вклучувајќи го и Куманово имаат најниско ниво на доверба.

# По полицијата најмногу се има доверба во образованието и здравството

Освен полицијата, само две други институции добија позитивни оцени од повеќе од половина од испитаниците. По полицијата, како институција која ужива најголема доверба, следно е образованието за кое процентот на позитивни перцепции беше 58%. Следно е здравството со 52,1 % искази на доверба. Сепак, 26,2% од испитаниците одговорија дека воопшто немаат доверба во оваа институција. ВОГЛАВНО НЕМАМ ДОВЕРБА

### ТАБЕЛА 1: НИВОТО НА ДОВЕРБА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.

| | ВООПШТО НЕМАМ ДОВЕРБА | ВОГЛАВНО НЕМАМ ДОВЕРБА | ВОГЛАВНО ИМАМ ДОВЕРБА | ИМАМ ПОТПОЛНА ДОВЕРБА | НЕ ЗНАМ | СУМ - (1+2) | СУМ + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦАРИНА | 29.9 | 23.2 | 27.7 | 14.4 | 04.8 | 53.1 | 42.1 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 21.2 | 20.1 | 34.4 | 23.6 | 00.7 | 41.3 | 58.0 |
| ЗДРАВСТВО | 26.2 | 21.3 | 31.3 | 20.8 | 00.4 | 47.6 | 52.1 |
| СУДСТВО | 46.4 | 21.9 | 21.1 | 09.0 | 01.6 | 68.3 | 30.1 |
| ПАЗАРНА ИНСПЕКЦИЈА | 35.6 | 25.0 | 26.0 | 09.9 | 03.5 | 60.6 | 35.9 |
| ПОЛИЦИЈА | 23.0 | 18.1 | 31.7 | 26.8 | 00.4 | 41.1 | 58.5 |
| ОПШТИНСКА/ ГРАЃАНСКА УПРАВА | 30.1 | 24.4 | 29.1 | 14.5 | 02.0 | 54.5 | 43.6 |
| ПАРЛАМЕНТ | 50.2 | 18.7 | 17.2 | 11.6 | 02.4 | 68.9 | 28.8 |
| МЕДИУМИ | 30.8 | 28.1 | 28.1 | 11.9 | 01.1 | 58.9 | 39.9 |
| НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 34.5 | 22.1 | 27.3 | 12.3 | 03.8 | 56.6 | 39.6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА** | 47.9 | 19.1 | 19.3 | 10.5 | 03.2 | 66.9 | 29.8 |
| **ОБВИНИТЕЛСТВО** | 42.6 | 20.5 | 23.9 | 10.0 | 03.1 | 63.1 | 33.8 |

### ДИЈАГРАМ 9: РАНГИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ДОВЕРБАТА КОЈА ЈА УЖИВААТ

П: Во колкава мера верувате во следниве институции во Македонија? Ве молам, оценете на скала од 1 до 4, каде што 1 значи дека воопшто немате доверба, 2 воглавном немате доверба, 3 воглавном имате доверба и 4 дека имате потполна доверба во таа институција.




# Негативна перцепција за судството и Државната комисија за спречување на корупцијата

Во останатите институции доверба имаат помалку од половина од испитаниците. Сепак, некои институции уживаат повеќе доверба од други. Општинските или градските власти добија позитивен одговор од 43,6% (29,1% воглавно имаат доверба и 14,5% потполно имаат доверба, додека 54,5% немаат доверба). Царината доби доверба од 42,1% од испитаниците (27,7% воглавно имаат доверба и 14,4% потполно имаат доверба). Сепак, 29,9% воопшто немаат доверба во царината и 23,2% воглавно немаат доверба во истата институција. 4,8% немаа став. Медиумите и невладините организации добија слични оцени при што позитивните перцепции беа 39,9% и 39,6% соодветно. Сепак, 58,9% немаат доверба во медиумите (30,8% воопшто немаат доверба и 28,1% воглавно немаат) и 56,6% немаат доверба во невладините организации (34,5% воопшто немаат и 22,1% воглавно немаат доверба). Повеќе од една третина (35,9%) од испитаниците ѝ верува на пазарната инспекција, додека 60,6% не ѝ верува.

Се забележува загрижувачки тренд кај оцените за доверба во судската и законодавната власт. Институциите кои добија најмала доверба се судството, Државната комисија за спречување на корупција, обвинителството и Собранието. Сите овие институции добија повеќе од 60% негативни одговори. За обвинителството, 63,1% испитаници рекоа дека не му веруваат и 33,8% дека му веруваат. Следна е Државната комисија за спречување на корупција која има доверба од 29,8% од испитаниците наспроти 66,9% кои не ѝ веруваат. Запрашани за судството, 68,3% рекоа дека немаат доверба во оваа институција (46,4% воопшто немаат доверба и 21,9% воглавно немаат доверба). Само 9% изјавија дека имаат потполно доверба во судството и 21,1% воглавно имаат доверба. Институцијата која доби најмалку доверба е Собранието: загрижувачки е што половина од испитаниците (50,2%) воопшто немаат доверба во Собранието и 18,7% воглавно немаат доверба, што значи вкупно 68,9% немаат доверба. Позитивни одговори дадоа само 28% (воглавно или потполно имаат доверба) и 2,4% немаа став.

# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Граѓаните позитивно ги опишуваат полициските службеници од двата пола

Испитаниците беа прашани да помислат на жена-полициски службеник, која е во директен контакт со граѓаните и да ја опишат. Може да се заклучи дека граѓаните претежно употребуваат позитивни придавки за да ја опишат жената-полициски службеник.

Најчестиот прв одговор (15,4% од испитаниците) беше ‘добрина’ по што следеа 12,4% кои одговорија ‘како секој друг/ја врши својата работа’. 7 % дадоа позитивно мислење (ми се допаѓа/фина), 4,2% одговорија со воспитување/чесност/култура, 4% помислија на ‘храброст/смелост’ и 3,7% ја опишаа со ‘убава/ изглед/ шарм.

### ДИЈАГРАМ 10: ОПИС НА ЖЕНА-ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК (ПРВ ОДГОВОР)

П: Кога ќе помислите на полицајка (жена полицаец), која е во директен контакт со граѓаните, како би ја опишале? Ве молам наведете неколку атрибути (придавки, зборови) кои по ваше мислење најдобро ја опишуваат просечната полицајка во Македонија.



## ДИЈАГРАМ 11: ОПИС НА ЖЕНА-ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК (ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

П: Кога ќе помислите на полицајка (жена полицаец), која е во директен контакт со граѓаните, како би ја опишале? Ве молам наведете неколку атрибути (придавки, зборови) кои по ваше мислење најдобро ја опишуваат просечната полицајка во Македонија.




Останатите поретки одговори беа: професионалност/ експертиза/ тренинг, сила/моќ, љубезност/ срдечност/ пријатност, сталоженост/ смиреност/ стабилност, конкретност, фер/ работи во согласност со законот, лице во униформа/ сина униформа, искреност/ отсуство на корупција.

Помалку од 1% од испитаниците ги споменаа негативните придавки како: корумпирана, немоќна/ недоволно овластување или неодговорност/ несериозност како прв збор/придавка за да ја опишат жената-полициски службеник.

Бидејќи испитаниците имаа можност да дадат повеќе одговори, најчестите одговори се слични на првиот даден одговор. И 'добрина' и ''како секој друг/ја врши својата работа' беа споменати од 17% од испитаниците, а други често употребени зборови/ придавки беа: ми се допаѓа/ фина/ позитивно мислење (10%), воспитување/чесност/култура (10%), убава/ добро изгледа/ шарм (7%), храброст/смелост (5%), професионалност/ експертиза (5%) итн. Освен тоа, само неколку пати беа употребени негативни зборови/придавки, освен 'пропаднати професии/ не е за таа работа/ негативно мислење' кои ги употребија 5,7% од анкетираните граѓани.

Лицата од различна етничка припадност немаа значително различни мислења за најголемиот дел од придавките за жените-полициски службеници, освен тоа дека етничките Албанци почесто искажуваа негативно мислење во смисла на пропаднати професии и не се за таа работа (употребено од 16% од испитаниците). Негативните одговори беа почести кај помладата популација без оглед на нивната етничка припадност (18 – 29 години). Иако мнозинството искажа

позитивно мислење, оваа возрасна група беше групата која најчесто го опишуваше полицискиот службеник со термините неспособен/ неефикасен/бавен, непрофесионален, арогантен/резервиран/дигнат или корумпиран.

Граѓаните беа запрашани да опишат типичен полициски службеник кој е во директен контакт со граѓаните. ‘Добрина’ уште еднаш беше најчестиот прв одговор (14,3%) по што следеше ‘како секој друг/ја врши својата работа’ со 10,1%. 4,3% одговорија со ‘арогантен/резервиран/дигнат’ кои не беа употребени во случајот со жената-полициски службеник. Други одговори кои ги кажаа 3-4% од испитаниците се: сила/моќ, професионалност/ експертиза/ тренинг, воспитување/чесност/култура и коректност.

## ДИЈАГРАМ 12: ОПИС НА ТИПИЧЕН ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК ВО МАКЕДОНИЈА (ПРВ ОДГОВОР)

П: А кога ќе помислите на просечен полицаец во Македонија, кој е во директен контакт со граѓаните, како би го опишале? Ве молам наведете неколку атрибути (придавки, зборови) кои по ваше мислење најдобро го опишуваат просечниот полицаец во Македонија.




Имаше повеќе случаи кога типичен полициски службеник се опишува негативно (корумпиран, со лошо образование, нема култура/ со лоши манири, агресивен/груб) кога полот не беше наведен. Затоа, може да се заклучи дека перцепцијата на граѓаните за жените-полициски службеници е малку подобра. Причини за овие ставови може да бидат лични искуства, стереотипи за половите (особено бидејќи имаше фокус на изгледот на жената-полициски службеник) и комбинација од двете. Овој наод може да се искористи за поттикнување на понатамошни програми за подобро претставување на жените во полицијата, но исто така и за справување со стереотипи за половите во однос на полициската работа.

### ДИЈАГРАМ 13: ОПИС НА ТИПИЧЕН ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК ВО МАКЕДОНИЈА (ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

П: А кога ќе помислите на просечен полицаец во Македонија, кој е во директен контакт со граѓаните, како би го опишале? Ве молам наведете неколку атрибути (придавки, зборови) кои по ваше мислење најдобро го опишуваат просечниот полицаец во Македонија.




# Политичките врски се клучни за вработување во полицијата

Најголем дел од македонските граѓани не веруваат дека кандидатите за работа во полиција се избираат и вработуваат преку јавен конкурс. Само 12,3% го дадоа овој одговор на прашањето за практиките на вработување.

Бидејќи испитаниците имаа можност да дадат повеќе одговори, најчестиот одговор беше дека кандидатите се избираат и вработуваат преку политички врски (41,2%) по што следи одговорот “пријателски или/и роднински врски” (20,6%) и преку подмитување (4,3%). 24% одговорија нешто друго, а 14% не споделија мислење.

Други одговори кои беа наведени од страна на испитаниците беа: способност, тестови, тренинг, соодветно образование итн. Овие негативни перцепции за практиките на вработување се алармантни бидејќи процентот на оние кои веруваат во процедури на вработување според заслуга во полицијата е многу мал.

Министерството за внатрешни работи треба да го адресира ова прашање преку подобра транспарентност на процесот на вработување, придржувајќи се до строги критериуми и ефективни процедури за жалби во процесот на вработување. Можно е добри кандидати воопшто да не конкурираат за вработување доколку не веруваат дека има фер шанси за вработување.

Освен тоа, ова ги охрабрува кандидатите да бараат други начини за вработување како повлекување врски или нудење мито, постапки кои секако не се одлики на добар полициски службеник посветен на спроведување на законот.

### ДИЈАГРАМ 14: ИЗБИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ И ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПОЛИЦИЈА (ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

П: Што мислите, на кој начин се врши избор на кандидатите и вработувањето на кадар во полицијата?




# Полицијата делува во интерес на одредени групи

Една третина од испитаниците (35,5%) смета дека полицијата работи како сервис на граѓаните. Останатите мислат дека полицијата претежно работи како средство за заштита на интересите на одредени групи: интересите на Владата (26,8%), интересите на политичките партии (25,6%) или како средство за заштита на интересите на луѓето од највисок ранг во полицијата (12,1%). Ова ја прикажува полицијата во негативно светло бидејќи скоро две третини од испитаниците сметаат дека полицијата е во служба на интересите на одредени групи наместо сервис на граѓаните. Овие мислења имаат потенцијал да ја нарушат довербата на граѓаните во полицијата, да ги одвратат граѓаните од пријавување на криминал и да создадат чувство на несигурност.

На обратното прашање: "во кое од следниве својства полицијата во твојата држава најмалку делува?", повеќе од половина од испитаниците (54%) одговорија дека полицијата најмалку е сервис на граѓаните. 18,8% сметаат дека полицијата најмалку делува како средство за заштита на интересите на политичките партии, 13,9% за заштита на интересите на Владата и 13,3% сметаат дека полицијата најмалку делува како средство за заштита на интересите на луѓето од највисок ранг во полицијата.

## ДИЈАГРАМ 15: ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ПОЛИЦИЈАТА ДЕЛУВА НАЈМНОГУ

П: Во кое својство полицијата во Македонија делува највеќе, а во кое својство делува најмалку – како средство во служба на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?




## ДИЈАГРАМ 16 ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ПОЛИЦИЈАТА ДЕЛУВА НАЈМАЛКУ

П: Во кое својство полицијата во Македонија делува највеќе, а во кое својство делува најмалку – како средство во служба на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?



По ова прашање граѓаните од различна етничка припадност имаа различно мислење: етничките Македонци покажаа многу поголема доверба дека полицијата делува како сервис на граѓаните (43,1%) додека само 17,6% од етничките Албанци го поддржаа ова тврдење. Етничките Албанци сметаат дека полицијата пред сè делува како средство за заштита на интересите на политичките партии (41,1%).

## ДИЈАГРАМ 17: РАЗЛИКИ СПОРЕД ВОЗРАСТА ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ТОА ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ПОЛИЦИЈАТА ДЕЛУВА НАЈМНОГУ

П: Во кое својство полицијата во Македонија делува највеќе, а во кое својство делува најмалку – како средство во служба на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?




Додека меѓу испитаниците од двата пола нема значајни разлики во мислењата, податоците покажуваат дека постои тренд помеѓу граѓаните како што стареат да тврдат почесто дека полицијата делува најмногу како сервис на граѓаните: процентите се зголемуваат со возраста: од 23,6% од младите (18 – 29 години) до 46,2% од испитаниците постари од 60 години. Пензионерите и вработените во јавниот и приватниот сектор имаа подобри мислења од студентите и невработените. Највисокиот процент беше кај пензионерите (47%) а најнискиот кај студентите (16%). Од друга страна, студентите сметаат дека полицијата повеќе делува како средство за заштита на интересите на Владата (38%) или на политичките партии (32%).

## ДИЈАГРАМ 18: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЗАНИМАЊЕТО ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ТОА ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ПОЛИЦИЈАТА ДЕЛУВА НАЈМНОГУ

П: Во кое својство полицијата во Македонија делува највеќе, а во кое својство делува најмалку – како средство во служба на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?




## ДИЈАГРАМ 19: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ТОА ВО ЧИЈ ИНТЕРЕС ПОЛИЦИЈАТА ДЕЛУВА НАЈМНОГУ

П: Во кое својство полицијата во Македонија делува највеќе, а во кое својство делува најмалку – како средство во служба на граѓаните, како средство за заштита на интересите на Владата или како средство за заштита на интересите на политичките партии?



# Големо влијание на политичарите врз полициската работа

Повеќе од половина од испитаниците (54,5%) сметаат дека политичарите имаат влијание врз работата на полицијата, од кои 25,7% рекоа дека политичарите имаат во потполност влијание врз полицијата и 28,9% дека имаат влијание во голема мера. Од друга страна, една четвртина (24,4%) сметаат дека влијанието е во мала мера и само 15,7% мислат дека политичарите воопшто немаат влијание. Сепак, младите почесто мислат дека полицијата е под влијание на политичарите бидејќи две третини (66,7%) тврдат дека политичарите во потполност или во голема мера влијаат врз работата на полицијата. Етничките Македонци почесто сметаат дека политичарите влијаат врз работата на полицијата (57,3% наспроти 39% дека воопшто немаат влијание или имаат влијание само во мала мера) отколку етничките Албанци (40,5% во потполност или во голема мера наспроти 49% без влијание или со влијание во мала мера). 10% од етничките Албанци одбија да дадат мислење.

### ДИЈАГРАМ 20: ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧАРИТЕ ВРЗ РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Р: По ваше мислење, во колкава мера политичарите имаат влијание врз оперативното работење на Полицијата?



### ДИЈАГРАМ 21: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧАРИТЕ ВРЗ РАБОТАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Р: По ваше мислење, во колкава мера политичарите имаат влијание врз оперативното работење на Полицијата?



# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА

## Судството е најкорумпираната институција

Испитаниците добија листа на институции и беа прашани за тоа што мислат колку е распространета корупцијата во секоја од нив. За жал, повеќе од половина од испитаниците сметаат дека корупцијата е распространета во сите институции освен невладините организации.

### ТАБЕЛА 2: РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.

| | НЕ Е ВООПШТО РАСПРОСТРАНЕТА | РАСПРОСТРАНЕТА Е ВО МАЛА МЕРА | ДОНЕКАДЕ Е РАСПРОСТРАНЕТА | РАСПРОСТРАНЕТА Е ДО НАЈВИСОКИТЕ НИВОА | НЕ ЗНАМ | СУМ - (1+2) | СУМ + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦАРИНА | 09.2 | 23.1 | 31.0 | 30.2 | 06.6 | 32.2 | 61.2 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 16.1 | 28.6 | 30.6 | 21.7 | 03.0 | 44.7 | 52.3 |
| ЗДРАВСТВО | 13.5 | 26.5 | 31.3 | 27.0 | 01.7 | 40.0 | 58.3 |
| СУДСТВО | 08.0 | 20.3 | 27.8 | 39.4 | 04.6 | 28.2 | 67.2 |
| ПАЗАРНА ИНСПЕКЦИЈА | 09.3 | 23.7 | 31.6 | 29.9 | 05.6 | 33.0 | 61.5 |
| ПОЛИЦИЈА | 12.3 | 26.3 | 32.2 | 25.5 | 03.7 | 38.6 | 57.6 |
| ОПШТИНСКА/ ГРАЃАНСКА УПРАВА | 10.8 | 30.3 | 31.3 | 22.7 | 05.0 | 41.0 | 54.0 |
| ПАРЛАМЕНТ | 14.5 | 21.5 | 23.6 | 34.7 | 05.7 | 36.0 | 58.3 |
| МЕДИУМИ | 12.3 | 25.2 | 26.6 | 30.9 | 05.1 | 37.5 | 57.5 |
| НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 17.5 | 27.4 | 22.9 | 24.1 | 08.2 | 44.8 | 47.0 |
| ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА | 15.1 | 22.7 | 24.7 | 30.5 | 07.0 | 37.8 | 55.1 |
| ОБВИНИТЕЛСТВО | 09.8 | 22.3 | 27.2 | 34.9 | 05.8 | 32.1 | 62.0 |

Се смета дека судството е институцијата со најраспространета корупција: 67% од испитаниците одговорија потврдно, од кои 39,4% мислат дека корупцијата е распространета во најголема мера. Само 8% сметаат дека корупцијата воопшто не е распространета и 20,3% одговорија дека е распространета во мала мера. Процентот на оние кои сметаат дека корупцијата во судството е распространета во најголема мера е повисок кај етничките Албанци (42,6%) отколку кај Македонците (37,7%). Сепак, севкупните негативни перцепции (корупцијата е донекаде распространета или распространета во најголема мера) беа многу слични (67,7% од Македонците и 66,3% од етничките Албанците). Исто така, скоро 10% од етничките Албаници не одговорија на ова прашање. Доколку се анализира според возраста, младите (18 – 29 години) сметаат дека судството е најкорумпирано (72,6% одговорија дека корупцијата е донекаде распространета или распространета во најголема мера), по што следат старите лица (68,7% сметаат дека корупцијата е распространета).

Следно е обвинителството за кое се смета дека има распространета корупција (донекаде или во најголема мера) од страна на 62% од испитаниците, при што 35% сметаат дека корупцијата е распространета во најголема мера. Пазарната инспекција и царината добија слични резултати при што околу 61% од испитаниците одговорија дека корупцијата е распространета во овие институции.

## ДИЈАГРАМ 22: ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ (3+4)

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.



## ДИЈАГРАМ 23: ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ (1+2)

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.




Полицијата е некаде во средина: 57,6% одговорија дека корупцијата е распространета (32,2% донекаде распространета и 25,5% распространета во најголема мера) и 38,6% го имаа спротивното мислење (26,3% рекоа дека е распространета во мала мера и 12,3% дека корупцијата воопшто не е распространета).

Овие наоди укажуваат дека граѓаните сметаат дека кривично-правниот систем е особено корумпиран. Полицијата, обвинителството и судството се институциите кои треба да решаваат и водат истрага за случаи на корупција и да бидат пример за други институции. Тоа што се мисли дека има распространета корупција во овие институции укажува и дека системот за борба против корупција не е ефективен.

Резултатите од демографските индикатори се во согласност со оние од прашањата за доверба во полицијата; имено демографските групи кои покажаа поголема доверба во полицијата сметаат дека има помалку корупција во полицијата. Оттука, етничките Македонци повеќе веруваат дека корупцијата воопшто не е распространета или во мала мера е распространета (42,7% наспроти 55,5% кои одговорија дека корупцијата е донекаде распространета или распространета во најголема мера) отколку етничките Албанци (34,8% сметаат дека не е распространета наспроти 59,7% кои велат дека е распространета). По региони, жителите на Скопје имаат

најмногу одговори дека корупцијата е распространета во полицијата (63,1% одговорија дека е донекаде распространета или е распространета во најголема мера наспроти 33,8% кои го тврдат спротивното). Во сите други региони перцепцијата дека има корупцијата беше над 50% но помала од 60%. Испитаниците на возраст од 18 до 29 години, кои претходно покажаа дека се возрасната група со најмала доверба во полицијата, се групата која исто така смета дека има многу корупција во полицијата. 69% од оваа група одговорија дека корупцијата е донекаде или распространета во најголема мера и само 29,7% го тврдеа спротивното. Лица на возраст над 60 години исто така повеќе сметаат дека има многу корупција во полицијата (61,8% беа дека е распространета и 32,6% дека не е распространета). Единствената возрасна група која смета дека полицијата е помалку корумпирана е онаа на возраст од 30 до 44 години: 47,4% рекоа дека корупцијата е донекаде распространета или распространета во најголема мера и 48,4% дека е распространета во мала мера или воопшто не е распространета. Треба да се наведе дека жените сметаат дека има повеќе корупција во полицијата (59,7% дека е распространета и 34,8% дека не е распространета или е распространета во мала мера) од мажите (55,5% дека е распространета и 42,7% дека не е распространета или е распространета во мала мера).

### ДИЈАГРАМ 24: РАЗЛИКИ СПОРЕД ПОЛОТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.



## ДИЈАГРАМ 25: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.




## ДИЈАГРАМ 26: РАЗЛИКИ СПОРЕД ВОЗРАСТА ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.



## ДИЈАГРАМ 27: ГЕОГРАФСКИ РАЗЛИКИ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве институции. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.




Оние кои тврдат дека корупцијата е распространета во полицијата исто така беа прашани да оценат колку корупцијата е распространета во одделните полициски сектори.

## ТАБЕЛА 3: ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА ВО ОДДЕЛНИТЕ ПОЛИЦИСКИ СЕКТОРИ

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве делови на полицијата. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.

| | НЕ Е ВООПШТО РАСПРОСТРАНЕТА | РАСПРОСТРАНЕТА Е ВО МАЛА МЕРА | ДОНЕКАДЕ Е РАСПРОСТРАНЕТА | РАСПРОСТРАНЕТА Е ДО НАЈВИСОКИТЕ НИВОА | НЕ ЗНАМ | СУМ - (1+2) | СУМ + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА** | 11.0 | 29.0 | 28.6 | 23.5 | 07.9 | 40.0 | 52.1 |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ НА ПОЛИЦИЈАТА** | 24.5 | 24.8 | 22.9 | 17.6 | 10.2 | 49.3 | 40.6 |
| **АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ (ИЗДАВАЊЕ ЛИЧНИ ДОКУМЕНТИ)** | 19.1 | 30.1 | 24.9 | 22.0 | 03.9 | 49.2 | 46.9 |
| **СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА** | 07.1 | 26.2 | 35.7 | 26.7 | 04.4 | 33.3 | 62.4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПОЛИЦАЈЦИ КОИ СЕ ЗАДОЛЖЕНИ ЗА ЈАВЕН РЕД И МИР** | 18.5 | 34.1 | 27.3 | 14.3 | 05.8 | 52.6 | 41.6 |
| **КРИМИНАЛИСТИЧКА ПОЛИЦИЈА** | 14.2 | 27.4 | 24.9 | 22.2 | 11.3 | 41.6 | 47.1 |
| **НАЈБЛИСКИТЕ СОРАБОТНИЦИ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ** | 07.7 | 24.3 | 25.3 | 32.3 | 10.5 | 32.0 | 57.6 |

Дијаграм 28: Перцепција за корупција во одделните полициски сектори (3+4)

П: Во која мера корупцијата е распространета во следниве делови на полицијата. Ве молам одговорете на скала од 1 до 4, каде 1 значи дека не е воопшто распространета, 2 дека е распространета во мала мера, 3 дека е донекаде распространета, а 4 дека е распространета до највисоките нивоа.




За најкорумпирана се смета сообраќајната полиција со 62,4% одговори дека корупцијата е донекаде или распространета во најголема мера. Следни се најблиските соработници на министерот за внатрешни работи (57,6%) за кои една третина од испитаниците смета дека корупцијата е распространета во најголема мера и само 7,7% дека воопшто не е распространета. Граничната полиција е следна со 52% испитаници кои сметаат дека во оваа институција има распространета корупција. Малку подобри резултати добија криминалистичката полиција (47,1% сметаат дека корупцијата е распространета и 41,6% го тврдат спротивното) и административните служби како оние задолжени за издавање лични документи (46,9% дека е распространета и 49,2% со спротивно мислење).

Се верува дека најмалку корумпирани се полициските службеници кои се задолжени за јавен ред и мир: мнозинството (52,6%) одговори дека корупцијата воопшто не е распространета или само во мала мера. Изгледа дека оние сектори кои имаат поголема моќ на одлучување се сметаат дека имаат повеќе корупција. Исто така, најверојатно овие перцепции се базираат во голема мера на лични искуства. На пример, најголем дел од граѓаните обично не доаѓаат во

контакт со криминалистичката полиција, така што процентот на испитаниците кои одбија да дадат оцена за овој сектор беше повисок од оној за другите сектори.

Од останатите институции, здравството и Собранието се сметаат за покорумпирани од полицијата: 58,3% одговорија дека корупцијата во здравството е донекаде распространета или распространета во мала мера (и 40% дека не е распространета) и исто 58,3% го рекоа истото за Собранието (36% сметаат дека корупцијата не е распространета или е распространета во мала мера). Останатите институции кои беа вклучени во оваа анкета (медиумите, Државната комисија за спречување на корупција, општинските/градски власти и образованието) беа оценети од граѓаните дека имаат пониско ниво на корупција од полицијата; сепак процентите се многу високи бидејќи повеќе од половина од испитаниците сметаат дека корупцијата е донекаде распространета или распространета во најголема мера во секоја од овие институции.

Како што беше споменато, невладините организации се сметаат дека се најмалку корумпирани со 44,8% кои сметаат дека корупцијата воопшто не е распространета или е распространета во мала мера (17,5% и 27,4% соодветно) и 47% кои веруваат во спротивното (од кои 24,1% одговорија дека корупцијата е донекаде распространета и 8,2% дека е распространета во најголема мера). (Види Табела 3).

# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

## Македонските граѓани се подготвени да пријават случај на корупција за полицијата

Охрабрувачки е тоа што македонските граѓани би пријавиле случај на корупција за полицијата (ако од нив се бара мито), и 76% би го направиле тоа ако треба да дадат лични податоци како единствен матичен број, адреса итн. 23% во таков случај не би пријавиле, а 1% одби да даде одговор. 43% од оние кои не би пријавиле случај на корупција би го промениле мислењето ако не мора да ги дадат личните податоци. Сепак, мнозинството (55%) одбива да пријави таков случај.

**ДИЈАГРАМ 29: ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА**

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (ако на вас некој ви бара мито), доколку мора да ги дадете вашите лични податоци (ЕМБР, адреса и сл.)?




Етничките Македонци поверојатно би пријавиле случај на корупција од етничките Албанци (78% од етничките Македонци и 69% од етничките Албанци би пријавиле случај на корупција). Исто така, граѓаните од југозападниот крај на земјата имаат највисок процент на позитивни одговори (83,8% би пријавиле таков случај). Нема значајни разлики меѓу возрасните групи, според степенот на образование или меѓу половите, иако жените малку поверојатно би пријавиле случај на корупција од мажите (77,8% од жените и 74% од мажите би пријавиле)

## ДИЈАГРАМ 30: ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА АНОНИМНО

П: А дали би пријавиле случај на корупција во полицијата доколку не мора да ги дадете своите лични податоци?




## ДИЈАГРАМ 31: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (ако на вас некој ви бара мито), доколку мора да ги дадете вашите лични податоци (ЕМБР, адреса и сл.)?



### ДИЈАГРАМ 32: РАЗЛИКИ СПОРЕД ПОЛОТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (ако на вас некој ви бара мито), доколку мора да ги дадете вашите лични податоци (ЕМБР, адреса и сл.)?




## Полициската станица е првиот избор за пријавување на случај на корупција за полицијата

Од оние кои би пријавиле случај на корупција за полицијата, повеќето (35%) прво би пријавиле во локалната полициска станица, што е во согласност со општата доверба во полицијата која граѓаните ја имаат споредено со други институции. 15% би пријавиле таков случај кај командирот на полициската станица, 12% би се обратиле кај пријател кој работи во полицијата и исто толку 12% би пријавиле во внатрешната контрола на полицијата кој е всушност секторот одговорен за справување со вакви случаи. 15% сметаат дека Државната комисија за спречување на корупција би била прва институција за контакт. Помал број би пријавиле во медиумите (6%) или кај невладина организација (5%). 3% не знаеја како да одговорат на ова прашање.

Учесниците во анкетата иста така беа запрашани да именуваат други институции освен оние кои би биле нивен прв избор за пријавување на случај на корупција за полицијата. Локалните полициски станици беа споменати од страна на половина од испитаниците (53%), и другите одговори беа: командирот на полициската станица (37%), внатрешната контрола на полицијата (32%), пријател кој работи во полиција (27%), Државната комисија за спречување на корупција (27%), медиумите (23%), невладини организации (9%) и 3% споменаа друга институција.

## ДИЈАГРАМ 33: ОПЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА (ПРВ ОДГОВОР)

П: Од следната листа, на кого прво би пријавиле случај на корупција во полицијата? На кој уште?




## ДИЈАГРАМ 34: ОПЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НА КОРУПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА (ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

П: Од следната листа, на кого прво би пријавиле случај на корупција во полицијата? На кој уште?



# Најпотребно е поттикнување на граѓаните да пријавуваат корумпирани полициски службеници

На прашањето што сметаат дека е најпотребно за спречување на појава на корупцијата во полицијата, 22% сметаат дека треба да биде поттикнување на граѓаните да ги пријавуваат корумпираните полициски службеници; 17% сметаат дека од најголема помош е зголемување на платите на полициските службеници, по што следат 14% кои бараат строга казна за сторителите и 9% кои бараат повеќе казни за корумпираните инспектори во полицијата.

Останатите мислења се поделени помеѓу: зголемување на овластувањата на внатрешната контрола на полицијата (6%), политичка волја на министерот и менаџментот на полицијата да го решат проблемот (5%), и поголемо поттикнување на полициските службеници да ги пријавуваат своите корумпирани колеги (5%).

### ДИЈАГРАМ 35: НАЈВАЖНО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Оценете што е според ваше мислење најпотребно за спречување на корупцијата во полицијата?



Бидејќи Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди (СВКПС), како секторот за внатрешна контрола на македонската полиција, е органот одговорен за справување со корупција, овие резултати укажуваат дека граѓаните или не се запознаени со работата на СВКПС или не веруваат во неговата ефикасност. Затоа, Министерството за внатрешни работи треба да работи на зајакнување на овој сектор за внатрешна контрола, да спроведе активности за зголемување на свеста за неговата улога и процедурите за поднесување жалби и јавно да ги промовира успешно решените случаи.

### ДИЈАГРАМ 36: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА НАЈВАЖНИТЕ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Оценете што е според ваше мислење најпотребно за спречување на корупцијата во полицијата?




Етничките Македонци почесто избираат репресивни мерки како повеќе казни за корумпираните инспектори во полицијата (12% од етничките Македонци и само 2% од етничките Албанци го наведоа ова) и спроведување на строга казна за сторителите (19% од етничките Македонци и 4% од етничките Албанци). Од друга страна, етничките Албанци во поголем број од етничките Македонци се одлучија за превентивни мерки како зголемување на платите на полициските службеници (34% од етничките Албанци и 10% од етничките Македонци) и формирање на ново

тело за спречување на корупција (21% од етничките Албанци и 8% од етничките Македонци се одлучија за овие мерки).

Испитаниците исто така беа прашани да погледнат листа на институции и да одговорат која институција треба прва да се справува со појава на корупција во полицијата. Најголемиот број на одговори се дека ова прашање треба да се решава во рамките на самата полиција бидејќи 24,1% одговорија дека внатрешната контрола на полицијата треба да се справува со прашањето, 11% го оставаат ова на министерот за внатрешни работи и 9,6% сметаат дека самите полициски службеници треба да се борат против корупцијата во своите редови. 10,5% кажаа дека Владата е првата одговорна институција за справување со појава на корупција во полицијата и следна рангирана институција е Државната комисија за спречување на корупција со 9,8%. Други одговори беа: обвинителството, Собранието (6,8%), меѓународната заедница (6,1%), полицискиот синдикат (3,2%), невладините организации (2,3%) и други (2,4%).

## ДИЈАГРАМ 37: ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА ПРЕДВОДИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Од следниве институции што ќе ви ги прочитам, која институција пред сите останати, би требало да се бори против корупцијата во полицијата.



Постојат разлики во мислењата кај испитаниците од различна етничка припадност за некои од институциите: етничките Албанци почесто ја одбираа внатрешната контрола на полицијата (20% од етничките Албанци и 6,5% од етничките Македонци), обвинителството (14% од етничките Албанци и 5% од етничките Македонци) и меѓународната заедница (10% од етничките Албанци и 4% од етничките Македонци). Од друга страна, скоро една третина (32%) од етничките Македонци сметаат дека внатрешната контрола на полицијата е најважна за справување со појава на корупција во полицијата, додека истиот одговор го дадоа само 7% од етничките Албанци.

## ДИЈАГРАМ 38: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО МИСЛЕЊАТА ЗА ТОА КОЈА ИНСТИТУЦИЈА ТРЕБА ДА ПРЕДВОДИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА

П: Од следниве институции што ќе ви ги прочитам, која институција пред сите останати, би требало да се бори против корупцијата во полицијата.



# УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

Македонските граѓани ја гледаат улогата на невладините организации во борбата против корупција претежно во соработка со државата во борбата против корупцијата. 40% од испитаниците се согласија со ова. 22% сметаат дека невладините организации треба да земат активно учество во борбата против корупцијата, 12% од испитаниците одговорија дека невладините организации треба да истражуваат и нудат препораки за борбата против корупцијата и 10% дека невладините организации треба им нудат помош на жртвите од корупција. 7% од испитаниците сметаат дека невладините организации треба да промовираат етичко работење на јавните институции. Останатите не знаеја или дадоа разни други одговори.

### ДИЈАГРАМ 39: УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

П: Граѓаните имаат различно мислење за улогата на невладините организации во борбата против корупцијата. Имајќи го тоа на ум, што би рекле, која улога треба да ја играат невладините организации во борбата против корупцијата?



Не постојат значителни разлики во мислењата кај испитаниците од различни возрасни групи, освен испитаниците постари од 60 години имаа поцврст став од останатите за тоа дека невладините организации треба да соработуваат со државата (44,1%) и беа помалку отворени за другите опции. Помладата популација (18 до 29 години) имаше поразновидни мислења со 14,4% кои сметаат дека невладините организации треба да им дадат помош на жртвите на корупција. Испитаници од различни етнички заедници немаа значителни разлики во мислењата освен тоа дека Албанците во поголем број предлагаа давање помош на жртвите (12,5% од Албанците наспроти 8,4% од Македонците) и Македонците во поголем број предлагаа дека невладините организации треба да земат активно учество во борбата против корупцијата (23,8% од Македонците наспроти 16,7% од Албанците).

## ДИЈАГРАМ 40: РАЗЛИКИ СПОРЕД ВОЗРАСТА ВО МИСЛЕЊАТА ЗА УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

П: Граѓаните имаат различно мислење за улогата на невладините организации во борбата против корупцијата. Имајќи го тоа на ум, што би рекле, која улога треба да ја играат невладините организации во борбата против корупцијата?



## ДИЈАГРАМ 41: РАЗЛИКИ СПОРЕД ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ ВО МИСЛЕЊАТА ЗА УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

П: Граѓаните имаат различно мислење за улогата на невладините организации во борбата против корупцијата. Имајќи го тоа на ум, што би рекле, која улога треба да ја играат невладините организации во борбата против корупцијата?



# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

| | |
|---|---|
| **LOCATION** | Macedonia |
| **DATA COLLECTION METHOD** | Computer assisted telephone interviewing (CATI) |
| **SAMPLING FRAME** | Male and female citizens of Macedonia 18 years of age and over, who permanently resided in the territory of Macedonia at the time of the survey |
| **SIZE OF SAMPLE** | 1,000 |
| **TYPE OF SAMPLE** | Three-stage random representative stratified sample |
| **STRATIFICATION** | Performed by region, type of settlement, gender, age and level of education |
| **SAMPLING ERROR** | ±3.31% |

POINTPULSE

WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

twitter.com/POINTPULSEnet

facebook.com/POINTPULSEnet/

CIVIL SOCIETY NETWORK DEDICATED TO OVERSIGHT OF POLICE INTEGRITY.